

# Кодекс на деловно однесување

Corporate Compliance Office

+1 919 379 4118

compliance@pyxus.com

Pyxus International, Inc.
6001 Hospitality Court
Suite 100
Post Office Box 2009
Morrisville, NC 27560
United States
www.pyxus.com

**Version 3.2**
**Revised August 11, 2016**
**Updated July 01, 2024**

6001 Hospitality Court

Suite 100

Post Office Box 2009

Morrisville, NC 27560

Телефон: +1 919 379 4300

**Бесплатен телефонски број на Телефонската служба за надзор на усогласеноста***

Македонија

0800 8 04 72

www.pyxus.ethicspoint.com

**Телефонската служба за надзор на усогласеноста ја одржува независна трета страна.*

# Изјава за интегритет

Alliance One International, Inc. беше основана со цел да одговори на предизвиците на деловната средина на 21-от век и ние сме посветени на успешното совладување на тие предизвици на сите полиња. Најважниот од тие предизвици е посветеноста да ги извршуваме деловните активности со целосен интегритет.

Нашиот светски углед за чесно и доверливо деловно однесување, изграден од толку многу луѓе во текот на многу години, ќе биде испробан и докажан при секоја деловна трансакција којашто ја извршуваме. Повеќе од кога и да било порано, ние сме глобални, динамични и насочени кон клиентите. Но нашиот стремеж кон конкурентска совршеност и задоволување на клиентите започнува и завршува со посветеноста кон законското и етичко однесување и, како глобална компанија, мораме да создадеме и да следиме една група на општи правила.

Кодексот на деловно однесување (КДО) е нашиот прирачник за етичко и законско однесување. Тој јасно ги дефинира очекувањата што ги има компанијата од секој вработен за законско и етичко однесување – обврска којашто всушност е услов за вработување. Од директорите, службениците, вработените и претставниците на AOI се очекува да ги извршуваат деловните активности на компанијата во согласност со највисоките стандарди на професионалната етика, финансискиот интегритет и законитоста.

Сите ние имаме големи барања што се однесува до нашето време, но информациите содржани во КДО ќе бидат ефикасни само ако вложиме време и напор да ги прочитаме материјалите и да ги примениме овие стандарди на однесување во деловните активности. Доколку ви е нејасен некој аспект од КДО или доколку имате прашања во врска со ситуациите со коишто се соочувате, за загриженоста може да дискутирате директно со претпоставениот, со претставникот за човечки ресурси, или со Корпоративниот директор за усогласеност. Исто така, може да добиете пристап до Телефонската служба за надзор на усогласеноста на Alliance One од која било од нашите локации низ светот, преку бесплатниот телефонски број или преку веб-локацијата.

Секое мислење дека обуката за усогласеност и етичко деловно однесување не придонесуваат за успехот при нашата „крајна цел“ е погрешно. Доколку AOI, преку работата на своите директори, службеници, вработени и претставници низ целиот свет, не успее да ги постигне или да ги надмине стандардите на однесување изложени во овој прирачник, тој неуспех би можел да ја доведе компанијата во финансиска опасност, да предизвика штета кај поединци и да уништи едно од највредните богатства на AOI – нејзиниот углед. Одржувањето на ова највредно корпоративно богатство е прашање од најголема важност за континуираниот успех и одговорноста што сите ние ја споделуваме.

Иднината несомнено ќе ни донесе уште поконкурентна средина и мора да бидеме подготвени да се соочиме со нејзините предизвици; но мора да сме подготвени за тоа без да ги намалиме стандардите на етичко однесување кои се камен-темелник на начинот на којшто ги изведуваме деловните активности.



# Содржина

## Вовед

За нашата политика .......... 1
Кој закон се применува .......... 2
Одрекувања .......... 2
Alliance One International и вие .......... 2
Политика за заштита од одмазда .......... 3
Телефонска служба за надзор на усогласеноста .......... 3

## Политики

### Работење за нашата компанија

Политика за заштита на лични податоци .......... 4
Конфликт на интереси .......... 5
Трговија со хартии од вредност .......... 5
Корпоративни можности .......... 7
Поткупување и корупција .......... 7
Плаќање за подароци, патувања и репрезентација за државни службеници .......... 11
Политичка активност и прилози .......... 13
Прифаќање/давање подароци од/на приватни клиенти и набавувачи .......... 13
Добротворни прилози и корпоративни спонзорства .......... 14
Користење на претставници на трета страна .......... 14
Надворешни вработувања, деловни интереси и инвестиции .......... 14
Користење на софтвер .......... 15
Доверливост .......... 15



Точност на финансиско известување .................................................. 16

Комуникација со јавноста........................................................................ 16

Надоместоци и бенефиции ....................................................................... 17

Еднакви можности и забрана за дискриминација и
вознемирување ......................................................................................... 17

Соработка во истраги за малверзација .................................................. 18

Управување со евиденцијата .................................................................. 18

## Работење во нашата средина

Работна средина без дрога ..................................................................... 19

Здравје и безбедност................................................................................ 19

Употреба на детски труд, принудна работа и други човекови права . 20

Еколошки прописи .................................................................................... 20

## Работење на пазарот

Спречување бојкот.................................................................................... 20

Сојузни кривични закони за измамите ................................................... 21

Граѓанска одговорност.............................................................................. 21

Перење пари.............................................................................................. 21

Антимонополска и праведна конкуренција ............................................ 22

Трговски санкции ...................................................................................... 25

Закони за шпедиција и царина ................................................................ 25

## Заклучок и резиме

Накратко за нашата политика ................................................................. 27



# За нашата политика

Во AOI, една од нашите суштински вредности е посветеноста кон интегритетот. Начинот на којшто ги извршуваме деловните активности и односот што го имаме кон другите ќе ја дефинираат компанијата во однос на останатиот свет. На нашите акционери, клиенти и добавувачи, на сите наши вработени низ целиот свет и на заедниците во коишто живееме и работиме, им значи AOI да биде позната по интегритетот на своите луѓе и високите стандарди на деловно однесување.

Етичкото однесување може да е многу поважно од усогласувањето со законот - но сепак, започнува со законот. Имате позитивна обврска да стекнете доволно познавање за законите што се однесуваат на местото каде што се наоѓате и конкретните обврски и должности што ги имате, за да умеете да препознаете однесување или ситуации кои поттикнуваат законски или етички прашања и да знаете кога да побарате правен совет. Раководството на компанијата има обврска да го обезбеди и потпомогне придржувањето кон високите стандарди на етичко однесување јасно изразувајќи ги барањата на КДО и поддржувајќи ја неговата праведна примена врз сите вработени.

Целта на КДО е да ја резимира политиката на компанијата и да обезбеди насоки за правилно однесување во областите од особен интерес. Ги објаснува основните очекувања на компанијата во однос на вашето професионално и лично однесување. Во КДО не е опишано секое поединечно однесување коешто е неприфатливо или незаконско. Ако некој конкретен начин на однесување не е разгледан, тоа не значи дека однесувањето е прифатливо и/или законско. Компанијата очекува од секој директор, службеник, вработен и претставник низ светот, да сторат напори со добра намера за да ги разберат и да се придржуваат и кон словото и кон духот на политиките и важечките закони на AOI. Во согласност со ова очекување, секој директор, службеник, вработен и претставник треба да потврди дека ќе се придржува кон КДО.

Кога ќе се пријави наводно прекршување на КДО, компанијата ќе преземе итни и соодветни активности во согласност со важечките закони и добрата деловна практика. Неусогласеноста со стандардите воспоставени со КДО ве става вас, вашите колеги и компанијата во ризик и можете да бидете предмет на дисциплинска постапка којашто може да заврши со отказ. Во некои ситуации, неусогласеноста со овој КДО може да доведе до префрлување на работата на соодветни владини тела.



Би било невозможно да посветиме внимание на секоја ситуација со којашто може да се соочите.  И на крај, во рамките на заложбата што ја имаме за правилно извршување на деловните активности, мора да се поддржуваме меѓусебно, и секогаш кога не се чувствуваме сигурни во врска со исправноста на постапката, треба да побараме совет од колеги и советник.  Во некои случаи ситуацијата може да биде толку сложена, што може да има потреба од дополнително советување. Корпоративниот директор за усогласенот („КДУ“) е достапен за да обезбеди помош. Доколку се појави ситуација којашто не е спомената во КДО, должност е на секој поединец веднаш да оствари контакт со претпоставениот, телефонската служба за надзор на усогласеноста на Alliance One (погледнете „Телефонска служба за надзор на усогласеноста“ во овој прирачник), или со КДУ.

КДО е темелот на Програмата за усогласеност на AOI којашто како таква ја спроведува КДУ.  Меѓутоа, за адекватно постапување со прашањата и загриженоста, Службата за корпоративна усогласеност рутински соработува со други служби, како на пример со финансиската, правната, службата за човечки ресурси и Корпоративната служба за ревизија.

Чувајте го КДО на погодно место за да може да се осврнувате кон него во иднина. Лесен пристап кон дополнителни примероци има на веб-локацијата на AOI (www.aointl.com) или во интранетот на AOI.

Бидејќи АОI е регистрирана во Соединетите Американски Држави, за нашите активности низ целиот свет често важат законите на Соединетите Американски Држави, исто како и за деловните активности на вработените каде и да живеат или работат. Меѓутоа, АОI извршува деловни активности во многу земји низ светот и нашите вработени се граѓани на многу различни земји.  Освен тоа, главната деловна активност на компанијата го вклучува движењето на производи во меѓународната трговија.  Како резултат на тоа, нашите активности подлежат на законите на многу земји, покраини, држави и општини.

Во некои моменти, можно е да се појави конфликт меѓу законите коишто се применуваат во две или повеќе земји.  Кога се среќавате со вакви конфликти, особено е важно да се посоветувате со раководителот на правната служба на компанијата или со КДУ, за да разберете како правилно да го решите тој конфликт.

## Одрекувања

Во ограничен број соодветни околности, КДУ може да одобри одрекување од овој КДО. Одрекувањето од КДО за директорите и за извршните службеници може да го донесе само Одборот на директори или Комитет на одборот и истото веднаш ќе се објави во согласност со барањата на важечки закон или пропис.

## Alliance One International и вие

Откако ќе го прочитате КДО, можно е да имате прашања или да дојдете во ситуации за коишто сметате дека не се соодветно опфатени. За да поставувате прашања или да барате објаснувања во врска со законите коишто се применуваат или загриженоста за деловните практики, треба да се обратите кај вашиот непосреден претпоставен, кај локалниот менаџер за усогласеност или директно на КДУ. Секој вработен, службеник, директор или претставник е овластен и поттикнат да комуницира директно со КДУ, без да постои неопходност за посредни прашања или дозволи од управата.

Корпоративен директор за усогласеност
Alliance One International, Inc.
Телефон:  919-379-4300
Е-пошта: compliance@aointl.com

Локалниот менаџер за усогласеност е локален службеник на секој извор на кого може да му поставувате прашања и да искажувате загриженост во врска со усогласеноста и кој може да ви помогне упатувајќи ве до соодветните ресурси на компанијата, вклучувајќи преведени верзии на материјалот за усогласеност.

Билјана Дескоска
Локален менаџер за усогласеност
Телефон: +389 43 421 800
Е-пошта: bdeskoska@aointl.com

Сите вработени, службеници, директори и претставници, штом имаат сознание за прекршување на законот или на КДУ на АОI, треба да го

?

*Дали знаете?*

*Постојат локални службеници кои може да ви помогнат да се забрза решавањето на грижите во врска со усогласеност и да ви обезбеди ресурси за усогласеност на англиски, но и на локалните јазици.*

*Информациите за контакт со* ***Локалниот менаџер за усогласеност*** *се наоѓаат на левата страна од оваа рамка.*

пријават.  Компанијата AOI има *Политика против одмазда* којашто ве заштитува од одмазда ако изразите загриженост со добра намера.

# Политика против одмазда

Компанијата сака да знаете дека, сè додека дејствувате со добра намера, може да поставувате секакви прашања или да изразувате каква и да е загриженост за секакви законски или етички прашања, без да се плашите дека ќе ви се наруши угледот или дека ќе ви биде загрозено работното место. „Добра намера“ не значи дека мора да сте во право – но сигурно значи дека треба да ја кажувате вистината, онака како што ја сфаќате. Доколку чувствувате дека сте поттикнати или дека се наоѓате под притисок да го прекршите законот, или доколку сте забележале нешто што сметате дека е можен прекршок, мора веднаш да ѝ укажете на компанијата. Прекршок на КДО се смета секоја постапка на секој директор, службеник или претставник со цел одмазда или спротивни дејства преземени против оние кои пријавуваат прекршување на КДО со добра намера. Директорите, службениците или претставниците кои им се одмаздуваат на оние кои пријавуваат некој проблем, ќе подлежат на дисциплински мерки, вклучувајќи и отказ. Ве молиме погледнете ја *Политиката против одмазда на компанијата* и веднаш пријавете каков било сомнеж за одмазда.

# Телефонска служба за надзор на усогласеноста

Еден метод за пренесување на прашањата во врска со усогласеноста или грижите е преку телефонската служба за надзор на усогласеноста на Alliance One, која ви стои на располагање во текот на целиот ден и целата седмица. Телефонската служба е погодно место за разјаснување на прашањата опфатени во КДО, вклучувајќи ги спорните прашања за сметководството, внатрешните контроли и ревизиите и доколку сакате, ви овозможува да поставувате прашања или да поттикнувате дискусии за проблеми анонимно.

Од вас се бара на компанијата да ѝ ја укажувате загриженоста за прашањата за усогласеност, а тоа може да го сторите анонимно. Не постојат записи или уреди што може да го идентификуваат или откријат телефонскиот број од кој се јавувате. Кога се јавувате во телефонската служба за надзор на усогласеноста, ќе ве поврзат со претставник од трета страна која управува со телефонската служба. На повикот ќе одговори специјалист за комуникации кој работи за таа компанија, а не за Alliance One. Во повеќето локации достапни се специјалисти за комуникации кои го зборуваат локалниот јазик.

Специјалистот за комуникации ќе ве поздрави и ќе ве праша како може да ви помогне.  Откако ќе ја образложите причината за повикот, специјалистот за комуникации ќе ги собере информациите потребни за целосно разбирање на целта на повикот.  Ќе ви биде даден број на случај и ќе договорите датум на кој ќе добиете повратен повик.

Ве поттикнуваме да ја користите телефонската служба за надзор на усогласеноста за да ја изразите вашата загриженост и да поставувате прашања. Компанијата Alliance One не може да ги постигне високите стандарди на деловно однесување кои се споменати во овој Кодекс за деловно однесување без вашата поддршка и помош.



**Телефонската служба за надзор на усогласеноста** во **Македонија** може да ја добиете најпрво вртејќи на бројот **0800-94288**, а потоа на **855-209-1581**.  Упатствата за повикување и бројот на локалната

телефонска служба за надзор на усогласеноста се поставени на сите огласни табли во сите канцеларии и фабрики на Alliance One, достапни се на англиски и на локалните јазици на локалните менаџери за усогласеност. Дополнително, пристап до телефонската служба за надзор на усогласеноста може да добиете и преку интернет на веб-адресата aoicompliancehelpline.alertline.com

Независната компанија којашто раководи со телефонската служба ќе изготви извештај, којшто понатаму ќе биде проследен до КДУ на Alliance One. КДУ ќе ја разгледа пријавата и ќе започне соодветна истрага. Доколку приложивте информации за контакт, можно е КДУ да ви се обрати кога ќе биде потребно. Доколку ја избравте анонимната постапка, независната трета страна која раководи со телефонската служба ќе биде известена за резултатите од истрагата за да ви одговори кога ќе се јавите повторно на договорениот датум за следење.

?

*Дали знаете?*

**Телефонската служба за надзор на усогласеноста** *ја одржува независна трета страна и може да доставувате анонимни пријави како што претпочитате, телефонски или преку интернет.*

## Работење за нашата компанија

# Заштита на лични податоци

Компанијата има политика за заштита на личните податоци на нејзините вработени.  Во тој однос:

- Од вас се бара да се однесувате во согласност со сите важечки закони, одредби и договори за заштита на личните податоци. На пример, законите за заштита на личните податоци во Соединетите Американски Држави обраќаат посебно внимание врз заштитата на личните медицински, економски и потрошувачки податоци и податоците за деца. Директивата за заштита на личните податоци на Европската унија содржи силна заштита на медицинските и здравствените податоци, податоците кои откриваат расно или етничко потекло, политички мислења, религиозни или филозофски убедувања, членство во синдикати или податоци кои се однесуваат на сексуалниот живот на еден поединец.

- Бидејќи законите што се однесуваат на заштитата на личните податоци се детални и сложени, пред создавањето, распределувањето или ревизијата на каква било база на податоци или други системи преку коишто компанијата собира, употребува или му ги открива на кое било лице личните податоци или податоците за економска состојба, здравје или медицинска состојба, расно или етничко потекло, политички мислења, религиозни или филозофски убедувања, членство во синдикат или сексуален живот или какви било други чувствителни лични податоци на еден поединец, мора да се консултирате со раководителот на правната служба или со КДУ.

- Како општо правило, во рамките во коишто компанијата има пристап во личните податоци на еден поединец, нејзината политика е да ги користи тие податоци само за ограничени, овластени цели и да не ги открива тие податоци, освен во согласност со законот и по консултација со раководителот на правната служба или со КДУ. Сепак, електронската комуникација создадена со употреба на уреди и системи на



## Заштита на лични податоци
(продолжение)

компанијата не е приватна и AOI го задржува правото, коешто е предмет на важечки закон, да пристапува, да ја прегледува и користи целата комуникација, евиденцијата и информациите за неа коишто се создадени, пренесени и зачувани користејќи ресурси на компанијата. Дополнителните информации во врска со политиката на компанијата за ИБ се достапни на интранет

- Мора да се консултирате со раководителот на правната служба или со КДУ пред да изработите каква било политика за заштита на личните податоци, без оглед дали е за употреба во врска со интернетот или на друг начин, како и да одржувате адекватни процедури усогласени  со усвоената политика.

## Конфликт на интереси

Конфликтот на интереси се јавува  кога личниот интерес  на еден поединец се меша – или изгледа дека се меша – со интересот на компанијата како целина.  Конфликтна ситуација може да се јави ако еден директор, службеник, вработен или претставник презема дејства кои може да предизвикаат тешкотии во објективното и ефикасно изведување на неговите или нејзините работни задачи.  Конфликт на интереси исто така се јавува ако еден директор, службеник, вработен или претставник или член на неговото или нејзиното семејство се здобие со нечесни лични добивки кои произлегуваат од неговата или нејзината позиција во компанијата.  Трговијата со хартии од вредност, корпоративните можности и деловните интереси и инвестиции се примери за области со специфични случаи каде што може да сретнете конфликт на интереси.

Потенцијалните конфликти на интереси и поврзаните трансакции на страните мора да му се разоткријат на КДУ, ГСУ или РПС во писмена форма и соодветно да се документираат во согласност со политиката на компанијата. Постоењето конфликт не мора да претставува нарушување на нашиот Кодекс на деловно однесување, но неговото неразоткривање е токму тоа.



## Трговија со хартии од вредност

Во текот на изведувањето на деловните активности на AOI, можно е да дојдат во ваш посед материјални информации за компанијата или за други правни лица кои не ѝ се достапни на инвеститорската јавност („материјални податоци што не се за јавноста“). Мора да ја зачувате доверливоста на тие информации и не смеете да ги користите во врска со купување или продавање на хартии од вредност на компанијата или хартии од вредност на кое било друго правно лице на кое се однесуваат тие информации, ниту да ги употребите тие информации за да му ги кажете на некој друг.

Законите на многу земји, а особено оние на Соединетите Американски Држави, ви забрануваат да купувате или продавате

акции на компанијата или други хартии од вредност доколку имате во посед материјални информации што не се за јавноста.  Во согласност со политиката на компанијата и законите на Соединетите Американски Држави, информациите се третираат како материјални кога:

- постои суштинска веројатност дека еден разумен инвеститор би сметал дека тие информации се важни при одлучувањето дали да тргува со хартии од вредност; или
- доколку станат јавни, веројатно би влијаеле врз пазарната цена на хартиите од вредност на една компанија.

Информациите може да бидат материјални дури и ако се однесуваат на идни, шпекулативни или случајни настани или дури и кога се разгледуваат во комбинација со јавно достапни информации. Материјалните информации може да бидат позитивни или негативни.

Информациите што не се за јавноста може да бидат материјални дури и ако се однесуваат на компании кои немаат акции со кои се тргува јавно, како оние со необезбедени акции или банкарски кредити. Според тоа, во зависност од фактичката состојба и условите, информациите кои може да се третираат како материјални вклучуваат, но не се ограничуваат на:

Потенцијални или вистински

- најави и проценки за заработувачка или измени во претходно објавени најави и проценки;
- финансиски резултати;
- намалување или зголемување на резервите за ненаплатливи долгови;
- проширување или намалување на дејности;
- нови производи, изуми или пронајдоци;
- големи парници или државни дејства;
- спојувања, преземања, понуди за јавни набавки, заеднички вложувања или измени во активата;
- измени во препораките на аналитичарите или во кредитниот рејтинг;
- настани кои се однесуваат на хартиите од вредност на компанијата (на пр. неплаќање по надредени хартии, повици за откуп на хартии од вредност, планови за повторен откуп, поделба на акции, измени во дивидендите, измени во правата на сопствениците на хартии или јавна или приватна продажба на дополнителни хартии од вредност);
- измени во управувањето на компанијата или вонредни случувања во раководството;
- вонредни задолжувања;
- проблеми со ликвидноста; и
- измени на ревизорите или известување дека компанијата веќе не може да се потпира на ревизорски извештај.

?

*Дали знаете?*

*Во текот на редовното работење можно е да дојдете во контакт со информации кои не ви е дозволено да ги употребите за да одлучите дали да купите или да продадете акции на Компанијата.  За да дознаете повеќе за „внатрешната (инсајдерска) трговија“, осврнете се на Политиката за внатрешна (инсајдерска) трговија на Компанијата, која може да ја најдете на страницата за усогласеност на интранетот.*

## Трговија со хартии од вредност
(продолжение)

Не смеете да тргувате со акции или други хартии од вредност на компанијата, сè додека имате во ваш посед материјални информации што не се за јавност.  Овие забрани ги опфаќаат

трансакциите во Планот 401(k) на компанијата, како што се одлуките за пренасочување идни прилози или преструктуирање на постојните состојби на сметки, коишто резултираат со продавање или купување (намерно или ненамерно) на акции на AOI.  Покрај тоа, забрането е користењето на опции на акција  во периодот додека поседувате материјални информации што не се за јавност.

Ако материјалните информации што не се за јавност вклучуваат друга компанија (како на пример во случај на спојување на компании), забрането е, исто така, да тргувате со акциите на таа компанија или да му ги откривате информациите на некого кој можеби тргува.  Ова важи без разлика дали примателот на податоци е поврзан со шпекулантот или се работи за правно лице, како на пример еден труст или корпорација и независно од тоа дали примате каква било парична добивка од примателот.  Секој што ги прекршува овие закони може да подлежи на присилно одземање на непрописно стекнатата корист, парични и затворски казни.

Информациите се третираат како „јавни“ на третиот работен ден по јавното објавување на таквите информации од страна на соодветниот службеник на компанијата. AOI, нејзините директори, службеници, вработени и претставници имаат кривична и граѓанска одговорност во случај на прекршување на законот за хартии од вредност. Службениците, вработените и претставниците кои ќе ја прекршат оваа политика подлежат на дисциплински мерки, вклучувајќи и престанок на работниот однос. Исто така, можно е да се побара и оставка на директорот.

За подетални упатства ве молиме осврнете се на *Политиката за внатрешно (инсајдерско) тргување* на компанијата или контактирајте со раководителот на правната служба на компанијата.

## Корпоративни можности

На директорите, службениците, вработените и претставниците им е забрането да употребуваат за лична корист, или да пренесуваат на други, можности кои се откриваат преку користење на корпоративниот имот, информациите или позицијата без согласност на Управниот одбор. Ниеден директор, службеник, вработен или претставник не смее да го злоупотребува имотот, податоците и позицијата во компанијата за нечесна лична корист, ниту директно или индиректно да се натпреварува со компанијата. Директорите, службениците, вработените и претставниците имаат обврска кон компанијата да дејствуваат во полза на нејзините законски интереси, кога за тоа се укажува можност. Доколку ви се потребни совети за какви било потенцијални конфликти, контактирајте со КДУ.



## Поткупување и корупција

Поткупувањето е незаконско, без разлика дали се работи за поткуп на државен службеник (поткуп во јавен сектор) или поткуп на приватна компанија или граѓанин (поткуп во приватен сектор). Им нанесува штета на заедниците во кои ги изведуваме деловните активности. Мора активно да ги поддржиме напорите за запирање на поткупувањето.

Секој поединечно мора строго да се придржува кон сите домашни и вонтериторијални закони против поткупувањето. Вонтериторијалните закони против поткупувањето се закони на една земја кои го забрануваат поткупувањето во други земји.

Никогаш не смееме да нудиме поткуп во каков и да е облик, вклучувајќи:

- „Возвратни“ плаќања – дури ни мали суми.
- Плаќања за непрописно добиени регулаторни одобрувања, поволен даночен и царински третман, лиценци, дозволи и друг вид добивки.
- Плаќање на конкуренти за размена на доверливи податоци.
- Незаконски плаќања на провизии извршени или побарани со цел поткупување.
- Несоодветни стимулации на клиенти.
- Плаќања за добивање поволни услови од доверители, како на пример банки.

И покрај тоа што поткупот е незаконски и спротивен на политиката на компанијата, независно од тоа дали му е понуден на државен службеник или на приватен граѓанин или набавувач, во секој случај постои исклучителна загриженост за која треба да се свесни вработените на Alliance One.

*Загриженост за поткупување во јавниот сектор*

Американскиот закон за спречување на корупцијата во странство („FCPA“) им забранува на американските компании, како на пример на AOI, или на која било од нејзините подружници во светот, филијали, агенти, претставници за продажба или други посредници и на вработените на сите овие правни лица, да им даваат, нудат или да им ветуваат што било од вредност на државни службеници во очекување, надеж или намера дека државниот службеник ќе влијае врз одлуката за соработка со компанијата. Ова вклучува добивање нови деловни активности, задржување на постојните деловни активности или добивање некои предности.

Американското Министерство за правда („DOJ“) го спроведува „FCPA“ од кривичен аспект, а Комисијата за хартии од вредност и размена („SEC“) на САД, од граѓански аспект. „FCPA“ се состои од два главни дела: (а) одредби за спречување поткуп и (б) сметководствени одредби

(а) Одредбите од „FCPA“ за спречување поткуп ги прогласуваат плаќањата на државни службеници за незаконски. Основните елементи на одредбите на „FCPA“ за спречување поткуп се:

- Плаќање, понуда или ветување за **што било од вредност**;
- на кој било **државен службеник**, која било неамериканска политичка партија или нејзин претставник, кој било кандидат за политичка функција во странство или кое било друго лице, знаејќи дека кој било дел од плаќањето или ветувањето за плаќање ќе биде обезбедено од едно од тие лица;

?

## *Дали знаете?*

*Политиката на Компанијата забранува секаков облик на поткуп, без разлика дали лицето кое го добива поткупот или на кое му е понуден поткуп е државен службеник или приватен граѓанин.*



# Поткупување и корупција
(продолжение)

- со **намера за корупција** за да се **влијае врз некој официјален договор** или одлука, со поттикнување на тоа лице да изврши или да не изврши каква било постапка со која ќе ги прекрши неговите или нејзините законски должности или со поттикнување на тоа лице да го употреби своето влијание кај странска влада за да влијае врз каков било владин договор или одлука;
- помагање со цел **добивање или задржување** на деловни активности за или со, или пренасочување на деловни активности кон кое било лице или компанија.

„Што било од вредност“ е широко дефинирано. Освен пари, исто така вклучува и секаков облик на добивка, вклучувајќи добивки за членови на семејства, па дури и насочување добивка кон друго лице. Примерите вклучуваат:

- Пари во готовина, готовински еквиваленти или други придобивки (патнички чекови, бенефиции за патување);
- Лични услуги;
- Вработување или понуда за вработување;
- Добротворни прилози во корист на функционер;
- Политички прилози; и
- Користење на капацитетите на компанијата (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на авиони, куќи, возила, бродови итн.) од државни службеници или нивниот персонал за промоција, демонстрација или објаснување на производите и услугите на компанијата.

(b) За таа цел, со сметководствените одредби на „FCPA“ се бара од компаниите да водат книги и евиденција кои точно и чесно ги отсликуваат сите деловни трансакции и да вршат внатрешни сметководствени контроли. Меѓу другото, овие одредби имаат за цел да ги спречат „црните“ фондови, трансакциите кои не се заведени во сметководствените книги и неправилната класификација на трошоци кои може да бидат средства за плаќање на поткуп и прикривање на природата на плаќањето.

Прекршувањето на „FCPA“ или на другите локални закони за спречување поткуп може да доведат до затворски, големи парични и други казни. На пример, поединците може да бидат казнети до 250.000 американски долари и/или да бидат осудени на затворска казна до 5 години за секој прекршок предвиден со одредбите за спречување поткуп; или, за прекршување на сметководствени одредби, поединците може да бидат казнети до 5 милиони американски долари и/или осудени на затворска казна до 20 години. Освен тоа, и самата компанија може да се соочи со кривична тужба, големи парични и други казни. Локалните деловни практики кои ги отфрлаат или дури и ги одобруваат овие практики не се одбранбен механизам. Секој вработен кој дава или договара давање подарок, понуда или ветува што било од вредност, што е спротивно на оваа политика, подлежи на сериозни дисциплински мерки од компанијата, вклучувајќи и отказ.

?

*Дали знаете?*

*Освен што поткупот е незаконски, неточното прикажување на трансакциите книговодствените книги и евиденцијата на Компанијата претставува засебен и подеднакво сериозен кривичен престап.*

„FCPA“ важи подеднакво за подароци, понуди и ветувања дадени директно од еден вработен или преку некој кој не е вработен во компанијата. Во тој поглед, „FCPA“ го прави незаконско „замижувањето“ или игнорирањето на фактите и околностите кои оправдано укажуваат дека некоја трета страна дава незаконски подароци, понуди или ветувања во наше име. Понатаму, давањето пари на некоја трета страна или посредник со убедување или со намера дека третото лице ќе даде несоодветни или незаконски подароци, понуди или ветувања или намерно ќе покаже незаинтересираност за фактите за трансакцијата(ите) е само по себе незаконско.

**Кој е државен службеник?**

За потребите на политиката на компанијата, дефиницијата за „државен службеник“ мора да се сфаќа мошно широко и би вклучувала, но не би се ограничувала на царински и службени лица во одделот за доселеници; избрани и назначени на функција службеници како законодавци, градоначалници, министри на влади и сите други државни службеници; службеници или вработени во јавни меѓународни организации како Обединетите нации, Светската банка или Меѓународниот монетарен фонд; разни регулаторни тела на тутунската индустрија, како земјоделските инспектори; функционери на политички партии или кандидати за политички функции.

**Од клучно значење е дека сите вработени на кој било ранг или позиција во тутунските монополи кои се во државна сопственост или под нејзина контрола се државни службеници.** Тоа вклучува голем дел од клиентите на компанијата, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

- Global Tobacco Ltd.
- Imperial Vina Danang
- Japan Tobacco, Inc.
- Khanh Hoi Cigarette Factory
- Tian Li International Co. Ltd.
- Vietnam National Tobacco Corporation
- Fabrika Duhana Sarajevo, Bosnia & Herzegovina
- Societe Nationale des Tabacs et Allumettes
- China Tobacco International Inc.
- Eastern Company S.A.E.
- National Tobacco Enterprise
- Sekap, S.A.
- Korea Tomorrow and Global Corp.
- Iran Tobacco Company
- Regie Libanaise des Tabacs et Tombacs
- Libyan Tobacco Company LTC
- Taiwan Tobacco & Liquor Corporation
- Thailand Tobacco Monopoly
- Regie National des Tabacs et des Alumettes
- Manufacture des Tabacs de Kairouan
- Vietnam Tobacco Import & Export Co
- National Cigarette and Match Industries Ltd.
- Saigon Tobacco Company
- Thang Long Tobacco Company
- Saigon Industry Corporation
- Khatoco

?

*Дали знаете?*

*Во согласност со законите за спречување на поткупот, некои од нашите клиенти се сметаат за државни службеници. Осврнете се на списокот на левата страница за да видите еден пример на тие клиенти и информирајте го КДУ доколку сметате дека некој од клиентите со кого комуницирате ѝ припаѓа или е контролиран од владата, но не се наоѓа на оваа листа.*



# Поткупување и корупција
(продолжение)

Што значи тоа? За потребите на политиките на компанијата тоа значи дека, секое лице кое работи за една држава, од Премиерот па сѐ до поштенскиот службеник, се смета за „државен службеник“. Во согласност со овие политики, сите вработени во судовите, вклучувајќи ги судиите, чиновниците и др., се „државни службеници“. Категоријата „државни службеници“ исто така може да вклучува и членови на семејствата на државни службеници или поединци кои ги одредил некој државен службеник да примат нешто од вредност, доколку тоа нешто од вредност понудено на член на семејство или на друг назначен поединец во суштина е само еден начин државниот службеник да оствари добивка.

Доколку имате прашања околу тоа дали некое лице вмешано во трансакција е опфатено со соодветните закони за спречување на корупцијата, треба да се консултирате со КДУ.

**Плаќање за подароци, патни трошоци и репрезентација на државни службеници**

„FCPA“ забранува давање на „што било од вредност“ на странски службени лица, освен во согласност со строги упатства.

**Подароци:** Не смеете да нудите или давате подароци на државни службеници, очекувајќи дека понудата или подарокот ќе ѝ обезбедат на компанијата конкурентска предност. Секој подарок даден на државен службеник мора да е во строга согласност со оваа Политика. Општо земено, се применуваат следниве правила: (1) давањето подароци на државни службеници во готовина е забрането; (2) малечки подароци со логото на компанијата може да му се дадат на државен службеник во знак на почит или љубезност или за возвраќање на гостољубивост; (3) подарокот треба да има номинална вредност, да е вообичаен за земјата за којашто станува збор и соодветен за поводот; и (4) подарокот мора да е во согласност со локалните закони и со упатствата на соодветната владина агенција. Пред да понудите или дадете подарок на државен службеник, вклучувајќи ги и службениците на монополските клиенти на компанијата, мора да добиете соодветна писмена дозвола од КДУ на компанијата. Подароците мора да имаат соодветна цена и да бидат пресметани во согласност со *Глобалната политика за трошоци за подароци* на компанијата

**Патни трошоци:** Општо земено, прашањата кои се однесуваат на патувања и репрезентација се опфатени во *Глобалната политика за патувања и репрезентација* на компанијата. Меѓутоа, плаќањата на компанијата за патување, престој и дневници за државни службеници (вклучувајќи ги и нашите монополски клиенти) мора да бидат однапред одобрени од КДУ. Општо земено, ќе се применат следниве правила: (1) ќе се надоместат само трошоци кои се во директна врска со промоцијата или олеснувањето на деловните активности на компанијата; (2) ќе се надоместат само авионските билети со разумни

*i*

## *За повеќе информации*

*И покрај тоа што овој дел се занимава со плаќањето на патни трошоци и репрезентација за државни службеници, Глобалната политика за трошоци за патувања и репрезентација на компанијата исто така објаснува кои трошоци може да ги направите за ваше лично патување и за репрезентација на вработени.*

цена (не оние од прва класа); (3) Компанијата не смее да избира конкретни државни службеници кои ќе патуваат (поточно, тоа треба да го стори државната агенција или клиентот на AOI); и (4) ќе се надомести само патувањето на одредени службеници, а не трошоците кои произлегле од членовите на нивните семејства.

**Деловна репрезентација:** Не смеете да давате репрезентација на државни службеници очекувајќи дека репрезентацијата (или понудата за репрезентација) ќе ѝ обезбеди на компанијата конкурентска предност.  Деловната љубезност или репрезентацијата кои се сметаат за соодветни кога се работи за нашите немонополски клиенти, може да не е соодветна кога се работи за монополските клиенти (државни службеници).

Репрезентацијата за државни службеници е дозволена само во случаи кога (1) трошокот е директно поврзан со промоција, демонстрација или објаснување на деловните активности на компанијата; (2) трошокот има разумна големина, еднократно или вкупно за одреден временски период; (3) трошокот е дозволен во согласност со локалните закони и упатствата на работодавецот на службеникот; (4) репрезентацијата е во согласност со локалните обичаи; и (5) се избегнува појавата на непристојност. Доколку имате какви било сомнежи дека кој било трошок за репрезентација е несоодветен, најпрво мора да контактирате со КДУ на компанијата.

Мора да сте сигурни во секој момент дека кои било подароци, патувања или репрезентација којашто им се дава на државни службеници, е во потполна согласност со политиките на компанијата, без оглед на локалните обичаи или практики.

**Плаќања за олеснување на дејност или плаќања за „подмачкување“**: Во некои земји, државните службеници бараат мали плаќања за да забрзаат или олеснат рутински државни постапки. Таквите плаќања се дозволени само во следниве околности:

- Доколку плаќањето е малечко;
- Доколку со плаќањето треба да се обезбеди рутинска државна постапка и компанијата веќе ги исполнува сите предуслови за таа постапка.  Доколку рутинската државна постапка не вклучува дискрециони одлуки кои се во врска со деловни активности
- Доколку плаќањето не е дел од низа на слични плаќања; и
- Доколку плаќањето е усогласено со локалните закони, одредби и практики или не постои друг избор за да се олесни рутинската државна постапка.

Од клучно значење е, и покрај тоа што во согласност со „FCPA“ овие плаќања може да бидат дозволени  во многу ограничени случаи, дека тие плаќања можеби не се законски според законите на други земји, вклучувајќи ја земјата во која се бара плаќањето, Законот за поткуп на Обединетото Кралство, Конвенцијата за спречување на

*За повеќе информации*

*За да дознаете повеќе за плаќањата за олеснување и други теми за усогласеност, побарајте ги видео презентациите на страницата за усогласеност на интранетот.  Може да најдете врска до страницата за усогласеност на почетната страница на интранетот на AOI.*



поткуп на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) и други. Според тоа, ваквите плаќања треба да се земаат предвид, ако воопшто се разгледуваат, само во исклучителни и неизбежни околности. Кога е можно, и доколку имате претходно известување, тогаш треба да добиете писмено одобрение од КДУ.

Дополнително, доколку во ретки случаи таквото плаќање не може да се избегне, тогаш, соодветно е и законски потребно тоа плаќање да биде адекватно објаснето и точно заведено во книгите и евиденцијата на соодветното тело на компанијата. Во ниеден случај таквото плаќање не смее да биде прикриено во книгите и евиденцијата. Доколку имате прашања во врска со плаќањата за олеснување, консултирајте се со КДУ на AOI.

**Политичка активност и прилози**

Вработените како поединци се поттикнуваат да учествуваат во политичкиот процес. Меѓутоа, мора внимателно да го избегнувате дури и најмалиот впечаток дека угледот на компанијата се користи за поддржување на конкретен кандидат или прашање. Во ниеден случај не смеете да го употребите меморандумот на компанијата во врска со лично учество во политичкиот процес. Исто така, компанијата во ниеден случај нема да обесштети кој било вработен што дал личен политички придонес.

Бидејќи имате функција на претставник на компанијата, дозволено е да учествувате само во политички активности за поддршка како што конкретно укажува главниот извршен директор. Доколку политичката активност вклучува политички прилози од или во име на корпорацијата или некоја од нејзините подружници, било парични или непарични, тогаш мора да добиете претходно одобрение од КДУ на компанијата. Ваквите прилози мора соодветно да ги заведете во книгите и евиденцијата на компанијата.  Освен тоа, мора да бидете внимателни да не се ангажирате во активности што би можеле да бидат оценети како лобирање. Лобирањето подлежи на разни сојузни, државни и локални закони и опфаќа барања за известување и претходно одобрение од КДУ.  Доколку имате прашања кои се однесуваат на политичките активности, консултирајте се со КДУ на компанијата.

*Загриженост за поткупот во приватниот сектор*

**Прифаќање / давање подароци од/на приватни клиенти и добавувачи**

Компанијата AOI не сака деловни активности преку недолично користење на деловна љубезност. За ова прашање мора да бидете чувствителни. Како директор, службеник, вработен или претставник, треба да ги извршувате должностите на начин којшто е во најдобар интерес на компанијата. Тоа значи дека не смеете да дозволите какви било лични интереси да дојдат во конфликт со способноста да ги претставувате најдобрите интереси на компанијата. Користете ја вашата најдобра проценка во однос на тоа кој начин на искажување љубезност е соодветен, но не заборавајте ги следниве правила.

*i*

*За повеќе информации*

*Овој дел од Кодексот на деловно однесување и КДУ на Компанијата се ресурси кои ќе ви помогнат да разберете во кои случаи е соодветно давањето подароци.  За помош во врска со плаќањето за подароци, осврнете се на Глобалната политика за трошоци за подароци.*

Кога соработувате со приватни клиенти, може да давате или да примате подароци со мала вредност во знак на почит или пријателство. Мора да внимавате на вредноста, не само на поединечните подароци, туку на вкупната вредност на подароците дадени на еден поединец или правно лице во текот на поголем временски период. ДАВАЊЕТО ПАРИ ВО ГОТОВО Е СЕКОГАШ ЗАБРАНЕТО. Останатите неприфатливи подароци вклучуваат:

- какви и да било кредити, освен кредити во договор со финансиска институција во нормалниот тек на деловната активност;
- оброци, пијалаци, репрезентација, патување и престој или плаќање за такви подароци, освен кога добавувачот е присутен и подарокот е директно поврзан со деловната активност.

Не само што мора да бидете внимателни при прифаќањето на подароци; исто така мора да бидете внимателни кога давате лични подароци или добивки на оние со кои извршувате деловни активности.

Компанијата очекува од вас да развиете цврсти врски со клиентот. За тоа е потребно лично внимание и услужност. Приватните добавувачи, клиенти или други лица со кои сакате да извршувате деловни активности не треба да ги забавувате луксузно или да им подарувате скапи подароци и тие не би требало да очекуваат од вас таков третман. Може да давате подароци, услуги или репрезентација на приватни страни доколку се:

- согласни со прифатената деловна практика;
- со мала парична вредност, па така не би можеле да се толкуваат како поткуп или исплата; и
- согласни со овој Кодекс и применливите законски и етички стандарди.

Бидејќи давањето подароци е опфатено во разни закони за спречување поткуп, важно е да контактирате со КДУ на компанијата во случаите кога давате или примате подароци.

## Добротворни прилози и корпоративни спонзорства



Дури и кога се даваат со добра намера, корпоративните добротворни прилози и корпоративните спонзорства често се проблематични заради можната врска меѓу корисникот на добротворниот прилог или спонзорството и некој државен службеник. Добротворните прилози и спонзорства дадени по наредба на влада или на клиент, без разлика дали се сопственост/контролирани од државата или приватни, може исто така да бидат проблематични. Според тоа, сите корпоративни добротворни прилози треба да бидат претходно одобрени од КДУ.

## Користење на претставници на трета страна

Во одредени случаи може да биде неопходно да се ангажираат претставници на трета страна кои ќе ѝ помогнат на компанијата да ги извршува своите деловни активности.  Компанијата не сака да соработува со претставници кои не ја извршуваат деловната активност во согласност со сите закони и прописи, како и со нашиот КДО и другите политики.

## Надворешни вработувања, деловни интереси и инвестиции

Одвреме-навреме можеби ќе имате прилика да се ангажирате во деловни претпријатија надвор од компанијата. Доколку го сторите тоа, морате да почитувате некои строги упатства.

Надворешното вработување или деловните интереси неповрзани со компанијата, вклучувајќи и инвестиции и или услуги како директор, службеник, вработен или консултант во други деловни компании се дозволени под услов таквата активност да не ги попречува и да не е во конфликт со вашите должности и одговорности во компанијата. Кое било вработување или надворешен деловен однос со, или значителен финансиски интерес кај конкурент, поврзаност со клиент, добавувач или конкурент на компанијата мора веднаш да му се разоткрие на претпоставениот и на КДУ како и веднаш да се документира во согласност со политиката на компанијата. „Значителен деловен интерес" означува кој било економски интерес којшто може да влијае или да изгледа дека влијае на вашата проценка, но го исклучува поседувањето на јавно тргуваните заеднички фондови, индексни фондови или слични кошнички на хартии од вредност каде што индивидуалниот инвеститор не одлучува за тоа кои инвестиции се вклучени.

Поттикнати сте да учествувате во добротворни, професионални и граѓански организации, но само доколку тоа не ги попречуваат вашите должности кон AOI. Дополнително, доколку размислувате за стекнување интерес во кој било тип на имот за којшто компанијата може да биде заинтересирана, мора веднаш да го информирате КДУ.

## Користење на софтвер

Копирањето софтвер без соодветна дозвола или користењето софтвер вон целите на лиценцата ја прекршува политиката на компанијата, и во одредени случаи законите за авторско право и може да предизвика компанијата да ги прекрши своите обврски кон издавачите на софтверот. Оваа забрана важи за сите, независно од земјата, локацијата и/или локалните обичаи.

## Доверливост

Секој од нас има одговорност да утврди дека имотот на компанијата, вклучувајќи ги и доверливите информации, се употребуваат само за нејзините деловни активности. Не смеете да користите капацитети, материјали, опрема, интелектуална сопственост или услуги на вработените на AOI за какви било цели кои не се поврзани со деловните активности на компанијата без соодветно одобрение.

Имотот не вклучува само физичка опрема и објекти. Поголемиот дел од информациите кои ги развивате како дел од вашите работни задачи се сопствени - односно, вреден имот на компанијата. Ваквите информации може да вклучуваат чувствителни стратешки, финансиски, деловни планови и планови за вработување, документи и бази на податоци. Сите информации кои се однесуваат на нашите клиенти, а особено сите информации опфатени во договорот за доверливост/неоткривање на информации се сопствени и треба да се третираат како доверливи. Не заборавајте дека голем дел од вашите доверливи информации се складирани електронски.

Треба да ги заштитувате електронските податоци во иста мера како и секој документ на хартија.

Треба да внимавате да не споделувате со други лица информации кои се сопственост на компанијата, вклучувајќи ги и колегите, освен ако мора да ги знаат од оправдани деловни причини.  Неовластеното откривање би можело да ја уништи вредноста на информациите и да овозможи нечесна предност на други лица надвор од компанијата. Исто така, не заборавајте дека ненамерното откривање на информации (на пример, за време на невнимателен разговор преку мобилни телефони или на јавни места како авиони, лифтови, тоалети или ресторани), може да биде подеднакво штетно за AOI.

Кога си заминувате од компанијата, не смеете да земете со вас какви било доверливи информации на AOI или да откривате такви информации на некој конкурент, нов работодавец или кое било надворешно лице или организација.

## Точност на финансиското известување

Во текот на извршувањето на нашите работни задачи, сите водиме евиденција или подготвуваме некој вид на информации.  Некои вообичаени примери се финансиски обелоденувања, сметководствена евиденција, бизнис планови, регулаторни поднесоци и извештаи за трошоци.  Многу луѓе, внатре и надвор од компанијата, се потпираат врз овие информации како веродостојни и точни.  Имате одговорност да се придржувате кон политиките и постапките на компанијата и да обезбедувате само веродостојни, точни, целосни, објективни, соодветни, навремени и разбирливи информации.

Компанијата AOI спроведува сметководствени постапки, вклучувајќи внатрешни сметководствени контроли, за да го заштити имотот на компанијата и за да ја обезбеди точноста и веродостојноста на финансиските и на нефинансиските информации.  Следниве правила важат за сите:

- Од ниедна причина не смее да се одржуваат какви било тајно евидентирани фондови или трошоци.
- Не заборавајте прописно да ги евидентирате и откриете секој фонд, имот или трошок на компанијата.
- Не евидентирајте каков било лажен или вештачки запис во ниедна книга на компанијата.



## Точност на финансиското известување
(продолжение)

- Не преземајте никаква акција за вршење несоодветно влијание, принуда, злоупотреба или доведување во заблуда на независен јавен или овластен сметководител ангажиран за ревизија на финансиските извештаи на компанијата.
- Не извршувајте никакви плаќања во име на компанијата сметајќи дека фондовите ќе се употребат или можеби ќе се употребат за друга цел освен за наведената.
- Известувајте ги (на анонимна или доверлива основа, доколку претпочитате) КДУ, Комитетот за ревизија или Телефонската служба за надзор на усогласеноста за каква било грижа која може да ја имате во врска со сметководството или ревизорските прашања.

За да се обезбеди веродостојност на информациите, тие подлежат на прегледи и од внатрешни, но и од надворешни ревизори, вклучувајќи државни службеници. Не смеете да скршнувате од постапките и одобрените практики на компанијата за собирање и известување со точни информации. Не смеете да им дозволите на ревизор или колега да бара од вас да го сторите тоа. Прекршувањата на веродостојното известување може да имаат како последица дисциплинска постапка, вклучувајќи и отказ од работното место. Должност на секој вработен е да соработува со барањето за ревизија.

## Комуникација со јавноста

Главниот извршен директор или неговите назначени заменици се овластени да зборуваат во име на AOI и да го спроведат објавувањето на финансиските резултати на AOI. Сите барања за информации во врска со компанијата од инвеститори, аналитичари или акционери треба да му се упатуваат на благајникот на компанијата. Барањата од медиумите или други извори кои се однесуваат на каков било вид информации, како на пример за усогласеност, работни практики или социјална одговорност, треба да им се упатуваат до Директорот за корпоративни комуникации. Објавувањето на корпоративни информации преку други канали претставува прекршување на политиката на компанијата.



## Надоместок и бенефиции

Практиките за плати, пензиски планови и политиките на компанијата се создадени во склад со сите важечки закони и одредби за работното време, исплатата на плати, примањето надоместоци, поврзаните обврски за чување на евиденција и барањата за известувања. Овие барања се сложени и се разликуваат меѓу правните надлежности во Соединетите Држави и другите земји во кои Компанијата извршува деловни активности. Не би требало да се извршуваат промени во практиките, плановите и политиките на компанијата без консултација со Потпретседателот на Одделот за човекови ресурси на AOI.

## Еднакви можности и забрана за дискриминација и вознемирување

Компанијата е посветена на забраната за дискриминација и еднаквите можности за вработување. Сите вработени и кандидати за вработување ќе бидат третирани без дискриминација или

вознемирување врз основа на етничка припадност, раса, боја, религија, пол, полов идентитет, брачен статус, сексуална наклонетост или ориентација, национално потекло, возраст, статус на ветеран, инвалидност или државјанство во согласност со сите важечки закони. Оваа политика се применува кај вработувања, унапредувања, преместувања, дисциплина, обука, администрација на заработка и плата и сите други аспекти на вработување.

# Еднакви можности и забрана за дискриминација и вознемирување

Бидејќи Владата на Соединетите Американски Држави смета дека компанијата е „сојузен изведувач на работи“, за одредени цели, компанијата потполно ќе ги исполнува клаузулите за еднакви можности и одредбите од државните договори за капацитети без сегрегација.

Малтретирањето или дискриминацијата на колега е неприфатливо. Во нашите капацитети очекуваме сите посетители, клиенти и доставувачи, како постојните така и потенцијалните, да се однесуваат на ист начин.

Сексуалното вознемирување е забрането и нема да се толерира. Сексуалното вознемирување вклучува секакви облици на вознемирување од сексуална природа, физичко или вербално, вклучува поставување услови за унапредување, зголемување на платата, пожелни работни задачи или други погодни постапки во врска со работата по давање сексуални услуги или подлегнување на сексуални понуди, непожелен физички контакт, забелешки од сексуална природа или други постапки и зборови кои водат кон создавање на непријатна, непријателска или навредлива работна средина.

Вработените во целост ќе се придржуваат кон сите важечки статути за труд и вработување кои ја контролираат дискриминацијата на работното место. Вработените кои учествуваат во каков било облик на забранета дискриминација или вознемирување ќе бидат казнети соодветно. Вработените кои веруваат дека врз нив е извршена дискриминација треба да поднесат жалба до својот претставник од Одделот за човекови ресурси и треба слободно да се обратат кај Потпретседателот на Одделот за човекови ресурси во кој било момент. Исто така, може да пријавите дискриминациско однесување, насочено кон вас или кон други, во Телефонската служба за надзор на усогласеноста (анонимно, доколку претпочитате). За пријавите за дискриминација се применува *Политиката за спречување на одмазда* на Компанијата.

?

*Дали знаете?*

*Компанијата има Политика за заштита од одмазда која забранува секаква форма на одмазда против вработени кои искажуваат загриженост со добра намера или соработуваат во текот на истрагата за прекршокот. Политиката за заштита од одмазда на компанијата може да ја најдете на страницата за усогласеност на интранетот.*

# Соработка во истраги за малверзации

Компанијата има политика за соработка во истраги од страна на државните органи за секакво кривично или измамничко однесување. Истрагите се законски предмети во кои е неопходно вклучување на правен советник. Во ниеден случај не смеете да навлегувате во какви било суштински разговори со државните службеници за спроведување на законот, сè додека не се дозволи присуство на правниот советник на компанијата. На државните службеници за спроведување на законот треба да им ја побарате идентификацијата и не смеете да им предадете информации кои се сопственост на компанијата, освен ако службеникот има соодветен судски налог. Единственото право кое го имаат државните службеници е да побараат итен пристап до документи или



# Соработка во истраги за малверзација

(продолжение)

евиденција со овластување со судски налог (на пр. налог за претрес). Доколку некој државен инспектор се стекне со документи во такви околности, компанијата има право да направи копии или попис на она што е земено.  Дури и во вакви случаи, мора да вложите секаков разумен напор да се консултирате со раководителот на правната служба или со КДУ.

Секој службеник за спроведување на законот или други државни претставници кои бараат информации треба да бидат информирани дека компанијата ќе соработува, но само откако ќе бидат известени раководителот на правната служба и КДУ за да може да дадат упатства како треба да се реагира.

Освен државните истраги, можно е и Корпоративниот оддел за усогласеност да изведува свои сопствени истраги.  Ако компанијата изведува внатрешни истраги за усогласеност, од сите вработени се очекува потполна соработка. За повеќе информации, осврнете се на Глобалната политика за внатрешни истраги.

Ниеден директор, службеник, вработен или претставник на компанијата нема право да се одмаздува на кое било лице кое на службеникот за спроведување на законот му дало вистинити информации во врска со извршување или можно извршување на какво било прекршување на закон.  Освен тоа, одмаздата врз кој било вработен заради искажување на загриженост со добра намера во врска со какви и да било законски или етички прашања е прекршување на Политиката за заштита од одмазда на компанијата.

# Водење евиденција

Компанијата има усвоено Програма за водење евиденција за да обезбеди организирано и систематско чување, заштита и целосно отстранување на евиденцијата на компанијата.  Евиденцијата на компанијата ќе се зачува за да се исполнат законските барања, за задоволување на деловните и законските потреби на компанијата или за чување евиденција во согласност со законот, бидејќи е во врска со разумно очекувана или парница за која се чека исход, државни истраги, судски покани, побарувања или слични постапки кои на неодредено време го одложуваат отстранувањето на соодветната евиденција. За повеќе информации и за преглед на *Планот за чување на евиденција*, осврнете се на *Политиката за водење на евиденција* или контактирајте со раководителот на правната служба на компанијата.

## Работењето во нашата средина



# Работна средина без дрога

Компанијата прави заложби да гарантира дека сите вработени се воздржуваат од впуштање во незаконски активности со дрога на работното место. Незаконските активности со дрога се однесуваат и на употребата на нелегални дроги и на злоупотребата на рецепти или

лекови добиени без рецепт. За да се постигне таа цел, компанијата воведе Програма за подигање на свеста за работно место без дрога.

**Компанијата се придржува кон Законот за работно место без дрога од 1988 год. („DFWA“), кој ѝ налага да одржува работни места без дрога и да воведе програми со кои ќе се обезбеди исполнување на таквите барања. „DFWA“ изречно го забранува незаконското производство, дистрибуција, снабдување, поседување или употреба на контролирани супстанции на работното место. Придржувањето кон барањата на „DFWA“ е услов компанијата да изведува дејност во врска со одредени сојузни државни договори. Компанијата ќе преземе соодветни дисциплински мерки, вклучувајќи и отказ, против** секој вработен кој ја прекршува оваа политика.

Меѓутоа, компанијата може во соодветни околности и со своја слобода на одлучување, да побара од вработените да учествуваат во програма за помош или рехабилитација од употреба на дрога.

Секој вработен има позитивна должност да се советува со својот претставник од Одделот за човечки ресурси или со Потпретседателот на Одделот за човечки ресурси на AOI во рок од пет дена од какво било известување дека постои кривична пресуда по законска одредба за дрога --- за него или за друг вработен --- која произлегува од однесување кое се случило на работното место. Прекршувањето на оваа позитивна должност може да претставува основа за дисциплински мерки, вклучувајќи и отказ.

## Здравје и безбедност

Здравјето и безбедноста на вработените се од исклучителна важност за компанијата и какви било заплашувања, закани и акти на насилство не се толерираат. Компанијата има политика да обезбедува работно место кое е во согласност со сите важечки државни и локални закони и одредби, донесени за да ги заштитат здравјето и безбедноста на своите вработени.

Вработените кои ги прекршуваат овие закони го ставаат во опасност не само своето здравје и безбедност, туку и здравјето и безбедноста на останатите вработени. Од оваа причина, секој што не ги почитува овие закони ќе подлежи на дисциплинска мерка од страна на компанијата.



## Детски труд, принудна работа и други човекови права

Alliance One е посветена на елиминирањето на детскиот труд, принудната работа и други слични злоупотреби онаму каде што тие ќе бидат пронајдени, како и на постигнувањето безбедни и фер услови за работа во целиот свој синџир на добавувачи. Посветеноста на компанијата се одразува во Кодексот за практики на трудот во земјоделството и во Политиката за детскиот труд коишто можат да се најдат на интранет, како и на интернет страната на компанијата на www.aointl.com.

## Еколошки одредби

AOI има политика за изведување на своите дејности во согласност со сите важечки државни и локални еколошки закони и одредби за да ја зачува и заштити животната средина. Освен тоа, компанијата

се залага за преземање доброволни иницијативи за подобрување на еколошките резултати на компанијата. Од вас се очекува целосно да се придржувате кон сите важечки закони и доколку имате какви било прашања или грижи во врска со прашањата за еколошката усогласеност, треба да контактирате со ГДУ.

## Работење на пазарот

AOI изведува деловни активности низ целиот свет. Понекогаш дејствата кои се преземаат во една земја може да предизвикаат Компанијата да биде изложена на законите на друга земја, особено во согласност со законите на САД.

### Спречување на бојкот

Бојкот настанува кога еден поединец, група или земја одбива извршување деловни активности со одредени други луѓе или земји. Американските закони против бојкот им забрануваат на американските компании и нивните глобални подружници да учествуваат во кој и да е меѓународен бојкот, освен ако бојкотот е одобрен од американската влада (на пример, економските санкции наметнати од ОН). Американските компании и нивните подружници низ светот мора да ја известуваат американската влада за сите барања кои ги добиваат за учество во бојкот. Доколку некогаш ви предложат да учествувате, да се согласите, да продолжите или да поддржите бојкот, контактирајте со КДУ.

### Сојузни кривични закони за измами

Доколку намерно излажете или измамите друго лице или деловно претпријатие во трансакција која се однесува на материјални предмети, веројатно го прекршувате законот на повеќето, ако не и на сите законодавства во кои AOI изведува деловни активности. На пример, погрешното претставување на квалитетот на тутунот, содржината или вредноста наведени во понуди или фактури до клиенти, известувања до влади или документи за товарање или банкарски трансакции може да доведат до одговорност за поштенска или електронска измама, изнудување (рекет) и други кривични дела. Исто така, дискусиите за таквите погрешни претставувања преку користење на телефон, факс, електронска или обична пошта може да се еднакви на сојузните кривични дела за поштенска или електронска измама.

Сојузните кривични закони на Соединетите Американски Држави за измама се далекусежни, а поединците кои ги прекршуваат овие закони подлежат на строги казни и затвор. AOI го забранува ваквото однесување и очекува од сите вработени потполно да се придржуваат кон важечките закони.



### Граѓанска одговорност

Освен на кривичните закони, компанијата може да биде изложена и на граѓанска одговорност заради одредено однесување, вклучувајќи без ограничувања мешање во деловни активности и аранжмани на

договори, злоупотреба на информации кои се сопственост на други деловни претпријатија, лажно опишување на квалитетот на еден производ на друго претпријатие и клеветење. Особено е важно вашиот опис на компанијата и други компании и луѓе, секогаш да бидат вистинити и никогаш да не ги прекршувате правата на другите во име на компанијата.

## Перење пари

Перењето пари се случува кога поединци се обидуваат добивките од незаконски дејности да ги направат да изгледаат легитимни преку нивно филтрирање низ законски дејности. Законите во многу земји го забрануваат прифаќањето или користењето на добивките од криминални активности.

- Мора да ги почитувате сите важечки закони против перење пари и законите кои бараат задолжително пријавување на готовина и други сомнителни трансакции.
- Мора да бидете исклучително внимателни и да обезбедите доволно информации за клиентите, набавувачите и другите со кои имате деловни односи, за да бидете сигурни дека нивните пари произлегуваат од законски деловни активности.
- Мора да ги почитувате сите правила кои се однесуваат на прифатливите облици на плаќања. Прифаќањето на плаќања на фактури во готово е спротивно на политиката на компанијата. Исто така, прифаќањето на плаќања во готово или во готовински еквиваленти, како на пример уплатници, патнички чекови или прифаќањето чекови од непознати трети страни е исто така против политиката на компанијата, освен во исклучителни околности и со одобрение на ГДУ или МКУ. Доколку прифаќањето готовина или слични трансакции се неизбежни, мора да се погрижите да се придржувате кон деталните и сложени обврски поврзани со таквите трансакции, вклучувајќи ги и обврските наметнати од Даночната служба на Соединетите Американски Држави.
- Мора да бидете што е можно посигурни дека сите клиенти, набавувачи и други со кои имате деловни односи се подготвени да ги почитуваат во целост сите должности за водење евиденција и дека се подготвени точно да ги пријавуваат сите аспекти на една трансакција.
- Мора да бидете особено внимателни кога некоја трансакција носи еден или повеќе белези на трансакција за перење пари, како на пример:
    - Необични обрасци за плаќање, непотребно сложени структури на договори или необично поволни услови за плаќање;
    - Трансакции од или до локации познати како даночен рај или поврзани со перење пари; и
    - Барања за пренесување пари кај непозната страна или на непрепознатлива сметка.



## Антимонополска и праведна конкуренција

Деловните активности на AOI мора да бидат во согласност со законите за антимонополска и праведна конкуренција на разни земји низ целиот свет. Во Соединетите Американски Држави, главниот антимонополски закон кој го регулира однесувањето на

# Антимонополска и праведна конкуренција

(продолжение)

компанијата е Шермановиот закон, кој предвидува кривични казни и граѓанска одговорност за прекршување на антимонополските закони. Кривичните санкции во согласност со Шермановиот закон и сличните антимонополски закони низ светот се ригорозни. Прекршувањето на Шермановиот закон е кривично дело и може да резултира во затворска казна до десет години и парична казна од 1.000.000 американски долари за поединци. Компанијата може да добие казна во висина од 100 милиони американски долари за кривичен прекршок.

Антимонополските закони имаат цел да ја поттикнат конкуренцијата. Ги забрануваат договорите или колективните дејства меѓу конкурентите, кои имаат како последица ограничување на трговијата или намалување на конкуренцијата.

Следните договори или колективни дејства се толку штетни за конкуренцијата што сами по себе се сметаат за незаконски, што значи незаконски, без оглед на нивните фактички конкурентни влијанија:

- Фиксирање на цените: договори меѓу конкуренти за договарање или контролирање на цените кои им се плаќаат на набавувачи или кои се наплаќаат од клиенти или договарање на одредбите и условите на продажба (како на пример кредитни услови или трошоци за испорака), вклучувајќи договори со конкуренти за да се ограничи производството на начин кој би влијаел врз цените;
- Манипулации со наддавања: договори меѓу конкуренти за да се манипулира со наддавањата;
- Хоризонтален пазар или поделба на клиенти: поделба на производи, услуги, територии, клиенти или пазари меѓу конкуренти; или
- Групни бојкоти: договарање со конкуренти за бојкотирање на одредени доставувачи или клиенти.

Важно е да се забележи дека договорите меѓу конкуренти за кои ќе се утврди дека ги прекршуваат антимонополските закони, не мора да бидат изразени договори, туку прекќутни или индиректни договори за кои се изведува заклучок од случајни докази или паралелно однесување. За почитување на антимонополските закони неопходно е да избегнувате разговори или комуникација со конкуренти во врска со цени, одредби и услови на продажба, територии, клиенти, доставувачи, производни нивоа или други елементи на конкуренција кои би можеле да служат како случајни докази. Според антимонополскиот закон, постои висок степен на опасност поврзан со сите видови размена на информации за трошоци или цени со конкурент, но постојат ограничени околности при кои ваквата размена е дозволена. Пред да дадете или да размените какви било информации со конкурент, мора да контактирате со раководителот на правната служба и да му ги опишете целосно околностите и деловната причина за тоа однесување и да добиете негова согласност пред да дојде до давање или размена на информации.



**Однесување кое може да ги прекрши антимонополските закони**

Додека некои активности, како горенаведените, се незаконски сами по себе и строго забранети, други активности се незаконски само доколку нивните антиконкурентски ефекти се поголеми од добивките кои ѝ ги овозможуваат на конкуренцијата. Пред да се ангажирате во заеднички активности кои може да предизвикаат прашања во однос на антимонополскиот закон, мора да се консултирате со раководителот на правната служба или со КДУ:

- Реципрочна деловна активност се случува кога еден купувач ја користи својата купувачка моќ за да ја поттикне продажбата кај своите добавувачи;
- Ексклузивни деловни активности се случуваат кога еден купувач се согласува да ги покрие сите свои потреби за еден конкретен производ од еден продавач;
- Врзани аранжмани се случуваат кога еден продавач ја условува продажбата на еден производ или услуга за која има некаква пазарна моќ врз набавката на втор производ или услуга на купувачот;
- Предложени спојувања, преземања и други деловни комбинации;
- Прифаќање на позиција или дозволување друг вработен или службеник на компанијата да прифати позиција во управниот одбор на друга компанија;
- Барање од клиентите да купуваат стока или услуги во пакети или давање попусти врз основа на пакети на стоки или услуги; и
- Ексклузивно лиценцирање и други технолошки договори кои ја ограничуваат слободата на носителот или давателот на лиценца.

**Дискриминација на цени**

Сојузниот закон за дискриминација на цени го прави незаконско продавањето на споредливи стоки со различни цени, речиси истовремено на купувачи кои се натпреваруваат едни со други, доколку разликата во цената ја оштетува способноста на клиентот кој е во потешка положба да се натпреварува. Давањето промотивни попусти под нееднакви услови е исто така забрането доколку ѝ штети на способноста на клиентот кој е во потешка состојба да се натпреварува. Во одредени случаи, разликите во цените може да бидат оправдани доколку е оправдан трошокот или доколку се нудат за да ги достигнат (но да не ги преминат) цените на конкуренцијата. Меѓутоа, никогаш не барајте споредување на цените со конкуренцијата за оваа цел.

**Монополизација**

Доколку присуството на една компанија на пазарот е толку големо што таа се здобива со „пазарна моќ“, значи моќта да ги контролира цените или да ја исклучува конкуренцијата, нејзиното однесување



може да биде внимателно набљудувано за да се одреди начинот на кој таа компанија ја стекнала моќта и како ја употребува. Доколку вашата локација има пазарна моќ во облик на доминантен купувач или добавувач на тутун,  избегнувајте однесување за коешто ќе се смета дека има цел контролирање на цените или исклучување на конкуренцијата, како на пример преземање дејства за исфрлање на конкурентот од деловните активности.  Доколку имате прашања во врска со монополизацијата или чувствувате дека можеби имате пазарна моќ, контактирајте со раководителот на правната служба или со КДУ.

Монополизацијата исто така може да се појави кога две или повеќе претпријатија се здружуваат за да ја зајакнат својата колективна пазарна моќ со цел да ги контролираат цените или да ја елиминираат конкуренцијата.  За загриженоста во врска со заедничката активност која може да доведе до пазарна моќ мора да му се укаже на Раководителот на правната служба или на КДУ пред вклучувањето во таква активност.

**Трговски здруженија**

Заедничките активности не се изолирани бидејќи се одвиваат преку трговски здруженија.  Секогаш кога учествувате во трговско здружение внимавајте особено на упатствата образложени погоре кои се однесуваат на комуникацијата со конкуренти. Покрај тоа, не учествувајте во трговски здруженија кои ги прекршуваат антимонополските закони, бидејќи одговорноста може да биде фрлена врз членови без разлика дали директно учествувале во незаконската активност.  Доколку се случи некогаш да учествувате на средба на трговско здружение во текот на која се разговара за незаконско однесување, мора веднаш да си заминете и да го пријавите однесувањето кое сте го забележале кај раководителот на правната служба или кај КДУ.

Контактирајте со раководителот на правната служба или со КДУ доколку учествувате во трговско здружение кое нуди статистички програми за размена, со кои се објавуваат трошоци, производни капацитети, цени, залихи и слични информации за да придонесат кон разбирањето на економијата на една индустрија. Таквите програми се законски доколку се почитуваат одредени упатства и мерки на претпазливост.

*Фер соработка*

Во извршување на деловните активности на компанијата, треба секогаш да се стремите да соработувате фер со трети страни и да не се здобивате со нефер предност преку манипулации, прикривање, злоупотреба на привилегирани информации, неправилна презентација на материјални факти или други практики на нефер соработка.

?

*Дали знаете?*

*И покрај тоа што трговските здруженија во одредени случаи може да бидат корисни, тие претставуваат особена опасност заради здружувањето со конкурентите и ризикот од откривање информации кои може да имаат негативно влијание врз конкуренцијата на пазарот. Пред да учествувате во трговско здружение, секогаш е пожелно да се консултирате со раководителот на правната служба или со КДУ.*



Трговски санкции)

## Закони за испорака/царини)

Повремено, владите спроведуваат трговски и/или патни ограничувања на увоз од, или извоз во странски земји. На пример, американските трговски санкции општо земено им забрануваат на сите американски лица и корпорации, а во некои случаи и на нивните странски подружници, да учествуваат во деловни трансакции со санкционирани земји, вклучувајќи ја продажбата или набавката на производи од тие земји, повторен извоз на американски производи од трети земји во тие земји и работење со кои и да било правни лица кои се сопственост на владата на санкционираната држава. Компанијата има политика за почитување на сите закони донесени за ограничување на трговијата

со одредени земји. За повеќе детали, осврнете се на *Политиката на компанијата за усогласеност со економските трговски санкции* и *Краткиот преглед на економските трговски санкции на Соединетите Американски Држави* и доколку имате прашања или грижи во врска со економските трговски санкции контактирајте со КДУ.

Мора да ги почитувате сите правила и одредби за транспорт, како на пример законите кои се однесуваат на соодветната транспортна документација. Поконкретно, на вработените и претставниците не им е дозволено да извршуваат неофицијални плаќања за логистика или царински услуги без претходно одобрение од КДУ. Активностите наведени подолу бараат зголемено внимание:

- Соединетите Американски Држави и други одредени земји имаат закони во согласност со кои стоките треба да се обележуваат за да му се покаже земјата на потекло на крајниот купувач. Мора да внимавате и да ги почитувате овие и сите други закони кои се однесуваат на соодветното обележување на производи.
- Компанијата има право на „враќање“ на увозните и други платени даноци кога стоката се преработува и потоа се извезува под услови дефинирани со закон и прописи. Мора да гарантирате дека барањата за враќање не содржат лажни изјави.
- Не смеете да плаќате или да учествувате во незаконски попусти или враќање на исплати.
- Не смеете да подготвувате или да ја олеснувате подготовката на продажни фактури на компанијата кои не ја отсликуваат точно цената на продадените стоки.
- Негативни или сертификати од црна листа во врска со извозни трансакции или акредитиви.



- Неточна или лажна документација на барање на трговските партнери.
- Размени на вредности кои не се внесени во фактури и останата официјална документација.
- Работење со нови трговски партнери.

## Накратко за нашата политика

AOI смета на вашата поддршка во однос на стандардите на компанијата образложени во овој Кодекс. Во следниот дел е накратко опишано како треба да се однесувате одговорно во работната средина во согласност со Кодексот:

*Научете ги стандардите и живејте во согласност со нив.* Знаејќи ги, разбирајќи ги и применувајќи ги важечките закони и политиките на компанијата, како и нашите суштински вредности, секој од нас може да служи како пример.

*Запознајте го законот и поставувајте тешки прашања.* Од вас се очекува да ги познавате законите кои важат за вашата конкретна работна позиција и ниво на одговорност. Доколку не сте сигурни дали се применува еден закон или политика на компанијата, или дали воопшто постои, прашајте ги ГДУ или МКУ.

*Не правете претпоставки.* Не правете претпоставки дека раководството веќе знае или не се грижи за некое прашање или ситуација. Исто така, не претпоставувајте дека нема да се преземе никакво дејство.  Раководството на AOI посветено работи за да обезбеди одржување на стандардите на законско и етичко однесување. Она што сакаме е вие да ни кажете кога нешто не е во ред.

*Не игнорирајте ги прекршоците, пријавувајте ги.* Сите ние треба да ги сфатиме сериозно законите и политиките на компанијата. Доколку сметате дека некој можеби прекршува некој закон или политика, преземете чекори за решавање на ситуацијата со пријавување на настанот кај раководството или кај  КДУ, локалниот менаџер за усогласеност, Комитетот за ревизија, Управниот одбор или Телефонската служба за надзор на усогласеноста (анонимно доколку сакате).

*Не бидете под притисок.* Прекршувањето на закон или политика е сосема неприфатливо и никогаш не би требало да чувствувате дека ве поттикнуваат или притискаат да го сторите тоа – дури и кога сметате дека прекршокот ќе ја подобри крајната цел или ќе помогне да се постигне зададената цел.

ALLIANCE One